РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК

***за измена на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Македонија***

*-Скопје, декември 2016 година-*

Врз основа на член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16), министерот за одбрана, донесе

# *П Р А В И Л Н И К*

## *за изменување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија*

**Член 1**

Во Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија, бр. 01-5145/1 од 18.07.2010 година, бр. 01-5758/1 од 29.09.2011 година, бр. 01-3579/1 од 29.06.2012 година, бр. 01-6887/1 од 31.12.2012, бр. 01-1148/1 од 15.02.2013 година, бр. 01-6597/1 од 30.12.2013 година, бр. 01-133/2 од 08.01.2015 година, бр. 01-133/3 од 21.12.2015 година и бр. 01-2854/1 од 21.04.2016 година, во членот 16-а став 1 зборовите „до 31.12.2016 година" се заменуваат со зборовите „до 31.12.2017 година".

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2017 година.

*Бр. 01-7346/1*
*22-12-2016 2016 година*
*Скопје*

*МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА*
*Зоран Јолевски*

Изработил: Сузана Симовска
Одобрил: Спасоја Дамјаноски

## ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15 и 193/15), согласно кој начинот на исплата и висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови ги утврдува министерот за одбрана.

Изменувањето кое се однесува во делот на членот 16-а од предметниот Правилник е од причина што во Буџетот на Министерството за одбрана за 2017 година не се одобрени средства за исплата на надомест за дежурства.

Предлогот за изменувањето на Правилникот, нормативно правно и номотехнички е прегледан во Секторот за правни работи.